ЈАВНА ОПШТИНСКА УСТАНОВА
ДОМ ЗА СТАРИ ЛИЦА
"СЈУ РАЈДЕР"
Бр. 04-67/12
28.07 2026 год.
БИТОЛА

Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници (Службен весник на РМ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и Службен весник на РСМ бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), член 212 од Законот за социјална заштита (Службен весник на РСМ бр. 32/24), член 17 од Статутот на ЈОУ Дом за стари лица „Сју Рајдер" – Битола бр. 01-24/1 од 15.01.2024 година, а согласно Правилникот за систематизација на работните места во ЈОУ Дом за стари лица „Сју Рајдер" – Битола бр. 01-42 од 19.02.2024 година и Предлог конечна ранг листа за вработување на кандидати доставена од Агенцијата за администрација бр. 10-1395/10 од 21.07.2026 година, ВД Директорот на Јавна општинска установа Дом за стари лица „Сју Рјдер" – Битола на ден 28.07.2026 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

## за избор на кандидат за вработување

1. За работно место СО30102В01002 Советник – одговорен сметководител, Оддел за финансиски прашања, Служба за административни и помошно технички работи, 1 (еден) извршител, се избира кандидатот Анѓела Мишковска со идентификациски код 55FE4E3.
2. Именованата ќе биде вработена на неопределено работно време на работното место од претходната точка, по конечноста на оваа Одлука, по што ќе се донесе посебно решение за вработување.
3. Одлуката за избор на кандидат за вработување ќе се достави до избраните кандидати и ќе се објави на интернет страницата и огласната табла на Агенцијата за администрација, како и на интернет страницата и огласната табла на Установата.
4. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

На ден 10.06.2026 година во дневните весници „Нова Македонија", „Вечер" и „Коха" и интернет страницата на Агенцијата за администрација беше објавен Јавен оглас бр. 373/2026 за вработување на 1 (еден) административен службеник во ЈОУ Дом за стари лица „Сју Рајдер" – Битола.

Преку Агенцијата за администрација, формирана е Комисијата за административна селекција и интервју за вработување по Јавен оглас бр. 373/2026, во функција за спроведување на постапката за селекција за вработување која се состоеше од административна селекција, испит за административни службеници, проверка на веродостојноста на докази и интервју.

Комисијата за административна селекција и интервју за врабоување по Јавен оглас ги спроведе сите фази согласно Закон, по што подготви Конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција и во согласност со член 44 од Законот за административни службеници до ЈОУ Дом за стари лица „Сју Рајдер" – Битола доставен е Предлог за вработување на кандидати по Јавен оглас бр. 373/2026 со број 10-1395/10 од 21.07.2026 година.

Доставениот предлог за вработување на кандидати по Јавен оглас бр. 373/2026 со број 10-1395/10 од 21.07.2026 година беше прифатен од страна на ВД Директорот на Установата и врз основа на горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на објавувањето на Одлуката на интернет страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

**Доставено до:**

-Кандидатите
-Агенцијата за администрација
-Архивата на Установата

ЈОУ Дом за стари лица „Сју Рајдер" - Битола
ВД Директор
Татјана Галовска

Јавна општинска установа Дом за стари лица „СЈУ РАЈДЕР" Битола